# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 1** **Понеделник, 30 Јануари 2023** **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година…………………………………………………………………………………………..*
2. *Одлука за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 – Опфат 1, Општина Демир Капија…………………………………………………………………………*
3. *Одлука за одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2023 година" Демир Капија………………………………………………………………………………………………....*
4. *Одлука за сопствено учество на општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"……………………………………………………………………………..*
5. *Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2023 година……………………..*
6. *Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2023 година…………………....*
7. *Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2023 година…………………………………………………………………...*
8. *Буџетски календар за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година…*
9. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2022 година……………………………………………………*
10. *Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2022 година………………………………………..*
11. *Решение за одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево………………………………………………………………………………………………….*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –121/1 | Градоначалник на |
| 30.01.2023 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/20, 172/21) и Колективниот договор за вработените во Општина Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија на XVII-та седница одржана на 27.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година бр.08-960/4 од 26.12.2022 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.13/22), се вршат следните измени:

Во членот 9 став 1 алинеја 1 од Одлуката, зборовите "коефициент во износ од 26.755 денари" се заменуваат со зборовите "коефициент кој изнесува 2,7, а основицата на која се пресметува изнесува 26.755 денари"

"- коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон кој изнесува 2,7, а основицата на која се пресметува изнесува 26.755 денари".

Во членот 18 во став 1 од Одлуката, зборовите "и Н2" се бришат, а се додава програмата "К– култура".

Во истиот член во став 2 зборовите "соодветниот Грански колективен договор", се заменуваат со зборовите "колективен договор за соодветната дејност".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија", а ќе се применува од 01 јануари 2023 година.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 80/3 | Претседател на Совет на |
| 27.01.2023 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Андон Крстевски с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 – Опфат 1, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на

ДУП, за дел од Блок 12 – Опфат 1, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/2 Градоначалник на
30.01.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 27 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 27.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 1, Општина Демир Капија**

**Член 1**

Се утврдува нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 1, Општина Демир Капија плански период 2022-2027, со арх.бр.03-97/22 од октомври 2022 изработен од ДООЕЛ ‘’НИМАЕР’’-Струга д.е.Скопје согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

**Член 2**

Предметниот опфат за кој се изработува Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 1, Општина Демир Капија, (2022 - 2027) се наоѓа во границите на постојниот ДУП за Урбан Блок 12, Демир Капија донесен со одлука бр. 08-416/1 од 14.08.2007.

Границата на планскиот опфат Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 -Опфат 1, Општина Демир Капија, (2022 - 2027), е затворена полигонална линија, и започнува од станбената ул. „Јане Сандански" на север, каде што истата се протега кон исток, како станбено-пристапна улица, потоа на дел се симнува јужно и повторно продолжува кон исток се до вкрстувањето со станбената ул.„Маршал Тито", на источната страна кон југ се движи од станбената ул.„Маршал Тито" се до вкрстувањето со собирната ул.„1", собирната ул.„1" се протега на северната страна, а се движи кон запад се до вкрстувањето со станбената ул. „Јане Сандански". Станбената ул. „Јане Сандански" од вкрстувањето се движи кон север, се до местото каде што започнува планскиот опфат.

Површината на опишаниот опфат изнесува П=1.3ха (13935.26m2)

**Член 3**

Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 1, Општина Демир Капија плански период 2022-2027, нацрт план, со арх.бр.03-97/22 од октомври 2022 изработен од ДООЕЛ ‘’НИМАЕР’’-Струга д.е.Скопје, се состои од текстуален и графички дел со следнава содржина:

1. Општ дел
1.1 Регистрација
1.2 Лиценца
1.3 Решение за назначување на планери
1.4 Овластување на носителот на планска документација
2. Составни делови на урбанистичкиот план
2.1 Планска Програма
2.2 Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
2.3 Податоци, информации од релевантни институции
2.4 Мислења од релевантни институции
3. Документациона основа
3.1 Текстуален дел
Вовед
3.1.1. Геогр. и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни зони
3.1.2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што

произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој
3.1.3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3.1.4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат
3.1.5. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат
3.1.6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој
3.1.7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати
3.1.8. Оценка за можностите и ограничувањата напросторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот
3.2. Графички дел
3.2.1. Извод од дуп
3.2.2. Збирен графички прилог од донесени плански решенија
3.2.3. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат
3.2.4. Инвентаризација на изградениот градежен фонд со одредена намена, состојба, структура
3.2.5. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура
4. Планска документација
4.1 Текстуален дел
4.1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
4.1.2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога
4.1.3. Стратешки определби што поризлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот
4.1.4. Цели на урбанистичкиот план
4.1.5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби
4.1.6. ОПис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура
4.1.7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план
4.1.8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја поединечна урбанистичка единица за планирање
4.1.9. Мерки за заштита
4.2 Нумерички дел
4.2.1. Нумерички податоци
4.2.2. Билансни показатели
4.3 Графички дел
4.3.1. План на намена на земјиштето и градбите
4.3.2. Регулационен план
4.3.3. План на парцелација
4.3.4. План на површини за градење
4.3.5. Сообраќаен и нивелациски план
4.3.6. Инфраструктурен план
4.3.7. Синтензен план

Прилози:

- Предлог планска програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 1, Општина Демир Капија изработена од ДООЕЛ ‘’НИМАЕР’’-Струга д.е.Скопје со технички бр.03-97/22 од март 2022;
- Предлог за одобрување на планска програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 1,

Општина Демир Капија со арх.бр.10-341/3 од 13.05.2022;
- Решение за одобрување на Предлог планска програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 1, Општина Демир Капија со арх.бр.10-341/4 од 16.05.2022;
- Извод од план за ДУП УРБАН БЛОК 12, ДЕМИР КАПИЈА со арх.бр.УПI10-174 од 07.10.2021 издаден од Општина Демир Капија;
- Извод од план за ДУП УРБАН БЛОК 12, ДЕМИР КАПИЈА со арх.бр.УПI10-77 од 30.03.2022 издаден од Општина Демир Капија;

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога, изработен од Друштво за геодетски работи ГЕОДЕТИК ДООЕЛ СКОПЈЕ со деловоден бр.08-583/3 од 19.11.2021;
- Потврда за проверка на геодетски елаборат со арх.бр.02-327/3-9/2021 од 02.11.2021 издадена од Агенција за катастар на недвижности;
- Известување за електронска заверка на геодетски елаборат со арх.бр.1110-63/2021 од 19.11.2021 издадено од Агенција за катастар на недвижности;
- Податоци и информации од Агенција за електронски комуникации со арх.бр.1404-1092/2 од 05.04.2022;
- Податоци и информации од Агенција за цивилно воздухопловство со арх.бр.12-8/286 од 29.03.2022;
- Податоци и информации од Национални енергетски ресурси Скопје со арх.бр.15-1178/2 од 31.03.2022;
- Податоци и информации од Министерство за образование и наука со арх.бр.09-4250/5 од 04.04.2022;
- Податоци и информации од Македонски телеком АД Скопје со арх.бр.42117 од 04.04.2022;
- Податоци и информации од МЕПСО со арх.бр.11-1927/1 од 31.03.2022;
- Податоци и информации од Општина Демир Капија со арх.бр.УПI10-75 од 30.03.2022;
- Податоци и информации од ГА-МА АД Скопје со арх.бр.0308-853/2 од 12.04.2022;
- Податоци и информации од Јавно претпријатие за државни патишта, со арх.бр.10-3308/2 од 07.04.2022;
- Податоци и информации од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со бр.11-2254/1 од 31.03.2022;
- Податоци и информации од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со бр.10-26/3-116 од 07.04.2022;
- Мислење од Агенција за цивилно воздопловство со арх.бр.12-8/1006 од 21.09.2022;
- Мислење од Агенција за електронски комунукации со арх.бр.1404-2763/2 од 05.10.2022;
- Мислење од Национални енергетски ресурси со арх.бр.15-2750/2 од 26.09.2022;
- Мислење од Македонски телеком со бр.43397 од 22.09.2022;
- Мислење од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со арх.бр.10-26/3-570 од 08.11.2022;
- Мислење од Јавно претпријатие за државни патишта со арх.бр.10-9212/2 од 07.10.2022;
- Мислење од Дирекција за заштита и спасување со арх.бр.09/3-140/2 од 04.10.2022;
- Мислење од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со арх.бр.11-6450/1 од 19.09.2022;
- Мислење од ГА-МА АД Скопје со арх.бр.0308-1819/2 од 28.09.2022;
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.0939-13408/2 од 26.09.2022;
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.0939-15185/2 од 15.11.2022;

- Мислење од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.0939-16603/2 од 06.12.2022;
- Електронски запис од Агенција за катастар на недвижности – графички регистар за градежно земјиште од 24.11.2022;
- Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 1, Општина Демир Капија, плански период 2022-2027, нацрт план, со арх.бр.03-97/22 од октомври 2022 изработен од ДООЕЛ ''НИМАЕР''-Струга д.е.Скопје;
- Стручна ревизија на Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 1, Општина Демир Капија, плански период 2022-2027 со арх.бр.0901-908/22 од декември 2022;
- Извештај од стручно мислење од комисија за урбанизам на Општина Демир Капија за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 1, Општина Демир Капија, плански период 2022-2027, нацрт план, со арх.бр.10-341/10 од 21.12.2022;

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Демир Капија“.

Број 08 – 80/4
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2023 година" Демир Капија**

Се објавува Одлука за одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2023 година" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/3
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Демир Капија на XVII седница одржана на ден 27.01.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2023" Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија ја ОДОБРУВА Програмата за организирање на манифестација за денот на лозарите Св.Трифун, насловена како "Недела на традицијата Св.Трифун 2023" Демир Капија.

**Член 2**

За реализирање на Програмата се одобруваат финансиски средства во висина од **500.000,00 (петстотиниилјади) денари,** кои средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 3**

Програмата од член 1 е составен дел од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 80/5
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за сопствено учество на општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддшка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

Се објавува Одлука за сопствено учество на општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддшка на жртви на родово базирано и семејно насилство", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/4
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на XVII-та седница одржана на ден 27.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

За сопствено учество на општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

**Член 1**

Општина Демир Капија учествува со сопствени финансиски средства за обезбедување одржливост на регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство.

**Член 2**

Вкупната вредност на потребните средства за обезбедување одржливост на регионалниот советувалишен центар за 2023 година со кои учествува општина Демир Капија се во износ од 109.779,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општина Демир Капија, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 80/6
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/5
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 27.01.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

**I.ВОВЕД**

Општина Демир Капија во соработка со Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Совет на Општина Демир Капија, Здруженија на граѓани кои работат во сферата на родовата еднаквост изработи Предлог – Програма за еднакви можности за 2023 година опфаќајќи ги приоритетни области на делување, управување со човечки ресурси, социјална заштита, економски развој, човекови права и здравство.

II. **ЦЕЛ на Програмата** е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С.Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорира родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапреди состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026 и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Главна задача на Општината** и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и на обезбедување еднакви можности за мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Како задача е и вклучување на родовиот концепт во процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за остварување на еднаквост меѓу жените и мажите. Преку промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите се влијае на отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и се воспоставуваат услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Во тој контекст постигнувањето на родова рамноправност значи да се работи со мажите и жените во сите сектори, но со посебен осврт на оние кои ги донесуват одлуките и кои влијаат на политиките и активностите на локално и на национално ниво.

## III. ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### 1. Управување со човечки ресурси

Развојот на капацитетите на човечките ресурси на локалната администрација и на членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е неопходност заради вметнување на родовата компонента во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Една од можностите за напредок е да се соработува со Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија и да се соработува со соседни општини и комисии за еднакви можности поддржувајќи добри примери и практики од општините и комисиите кои покажале извесен напредок по одредено прашање (општина со општина).

### 2. Социјална заштита

Социјалната заштита како систем на мерки, активности и политики, е насочена кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен секој човек, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и сопствена заштита. Сé уште во нашето општество се прикажува родова диспропорција во бројот на евидентирани машки и женски корисници на услуги во различни категории. Жените се јасно препознаени како доминантно евидентирани жртви на семејно насилство, носителки на

згрижувачки семејства, жртви на трговија со луѓе, лица што сакаат да стапат во брак пред полнолетство, а мажите како лица што злоупотребуваат дрога или други психотропни супстанции, сторители на семејно насилство или сторители на малолетничка деликвенција.

**3. Економски развој**

Економскиот развој претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација, промовирање на повеќе и подобри работни места за жените, во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и на крај намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата, промовирање на социјално претприемништво.

**4. Човекови права**

Во оваа област општината и Комисијата при општина Општина Демир Капија ќе работи на унапредувањето на женските човекови права и родовата еднаквост, преку спроведување на кампањи, трибини и други активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за своите фундаментални права, препознавање на дискриминација по основа на пол, со цел воспоставување на еднакви можности и отстранување на сите видови на дискриминација.

**5. Здравство**

Здравството претставува значајна област во која е неопходно инкорпорирање на родовата компонента. Во оваа област покрај општината ќе се вклучи и Комисијата при Општина Демир Капија кои ќе се залагаат за подобрување на здравјето кај жените преку преземање на активности за подигање на свеста на жените за редовни гинеколошки и мамографски прегледи.

Општина Демир Капија заедно со општините Кавадарци, Неготино и Росоман со финансиски средства учествува во формирањето на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство со седиште во Кавадарци. Финансиските средства со кои што ќе учествува општина Демир Капија за обезбедување на одржливоста на регионалниот центар за 2023 година се во износ од 109.779,00 денари. Советувалишниот центар заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при општина Демир Капија и Координаторката за еднакви можности ќе организираат трибини односно активности и акции кои во наредниот период во 2023 година ќе се реализираат се со цел да се запознаат што е можно поголем број на лица за постоењето на овој центар и заштитата и можностите кои што истиот ги нуди. Дел од активностите кои се предвидени да се реализираат за 2023 година, ќе бидат вклучени како активности во оваа Програма.

## ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА за 2023 година

| ОБЛАСТ | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ | ИНДИКАТОРИ | БУЏЕТ НА ОПШТИНА |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 1.1. Спроведување на обуки на советниците на Советот и вработените во Општина Демир Капија, како и информирање на истите за присуство на трибини и обуки кои се организираат од страна на меѓународни и домашни организации и од страна на Комисијата за еднакви можности како работно тело на Собранието на Република Северна Македонија. | Континуирано во текот на 2023 година | Координаторка за еднакви можности, НВО и експерти ангажирани од меѓународни и домашни организации | Најмалку 3 обуки одржани на тема родова еднаквост и родово одговорно буџетирање;<br><br>Најмалку 5 лица обучени на тема родова еднаквост и родово одговорно буџетирање. | 15.000,00 |
| | 1.2.Ажурирање и анализа на родово разделена статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано во текот на 2023 година | Општина, Јавни претпријатија, ЦСР, градинка, здравен дом, Основно училиште, АВРСМ, Дом на култура | Редовно пополнување на во спосатвениот систем за прибирање на родово разделени податоци | Нема финансиски импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | 2.1. Одбележување на 16 дена активизам за борба против родово базирано насилство *Организирање на настани за подигање на свест за родово базирано насилство | ноември – декември 2023 | КЕМ, Координаторка, НВО, Регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | Најмалку 2 организирани активности | Нема финансиски импликации |
| | 2.2 Организирање на средби на територијата на општина Демир Капија и населените места и презентација на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | Континуирано во текот на 2023 година | КЕМ, Координаторка, НВО, Регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | Најмалку 5 организирани активности | Финансиско учество на општината за 2023 година - 109.779,00 |
| **3. ЕКОНОМСКИ И РАЗВОЈ** | 3.1. Организирање и спроведување на информативна работилница со претставници на АВРМ (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација) | 2023 година | АВРМ, Општина Демир Капија, КЕМ, Координаторка, НВО | Најмалку 1 организирана активност; Најмалку 5 лица кои се информирани за мерките за вработување | 5.000.00 |
| **4. ЧОВЕКОВИ ПРАВА** | 4.1. Идентификување и јакнење на капацитети на жениод рурални средини за мобилизација на жени за учество во процеси на одлучување и буџетирање и идентификување на потребите и приоритетите на жените | Април-Октомври 2023 | КЕМ, Координаторка,НВО | Најмалку 3 средби со жените од руралните средини | 5.221.00 |
| **5. ЗДРАВСТВО** | 5.1.Спроведување на активности/кампањи по повод месец на борба против рак на дојка и навремена здравствена заштита на жените | Октомври 2023 | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар, и НВО | Најмалку 1 Спроведена активност, Најмалку 10 информирани жени | Изработка на флаери – 5.000.00 |
| | 5.2.Спроведување на активности за зголемување на свесноста за здравствените проблеми кај мажите (ракна простата) | Ноември 2023 | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар и НВО | Најмалку 1 спроведена активност Најмалку 10 информирани мажи | Изработка на флаери – 5.000.00 |
| | 5.3. Спроведување на активности за превенција и заштита од користење на алкохол, дрога и психотропни супстанци кај учениците и младите | Септември-Декември 2023 | КЕМ, Здравствени институции, Училиште,МВР, НВО | Најмалку 1 спроведена активност Најмалку 10 информирани ученици/млади | Изработка на флаери – 5.000.00 |

За реализација на целите на Програмата, Општина Демир Капија ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително и граѓански организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

## IV. МЕТОДИ НА РАБОТА

**Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:**

- **Работни средби** - Организирани за координација помеѓу КЕМ, Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** - ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти.
- **Истражувачко аналитички методи -** ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни методи -** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни методи** - ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.
- **Финансиско сметководствени методи** - ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 150.000.00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Демир Капија.

## V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Демир Капија ќе го следи текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 80/7
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/6 Градоначалник на
30.01.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а согласно член 132 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.5/05), Советот на Општина Демир Капија, на XVII-та седница одржана на 27.01.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2023 година**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

Основа за донесување на програмата за работа на Советот е Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот како и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самоуправа, и со кои се утврдени надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2023 година се:

- Програмирање на работата на Советот за тековната година;
- Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;
- Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;
- Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2023 година.

Со Програмата се обезбедува и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

**АКТИВНОСТИ:**

**<u>ПЕРИОД: ЈАНУАРИ-МАРТ</u>**

- **Програма за работа на Советот на општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот

Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи

- **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2022 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

- **Годишна сметка на Буџетот на Општина Демир Капија за 2022 година**
- **Годишен Извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Капија за 2022 година**

Предлагач: Градоначалник на општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

- **Буџетски календар на општина Демир Капија за 2024 година**

Предлагач: Градоначалник на општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

- **Завршна сметка и Извештај за работата на ЈПК БОШАВА Демир Капија за 2022 година**

Предлагач/Изготвувач: ЈПК БОШАВА Демир Капија

Одобрува: Управен одбор на ЈПК БОШАВА Демир Капија

Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој, Комисија за јавни дејности

- **Завршна сметка и Извештај за работата на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија за 2022 година**

Предлагач/ Изготвувач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен одбор на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Разгледува: Комисијата за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

- **Завршна сметка и Извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година**

Предлагач/ Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисијата за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

- **Завршна сметка и Извештај за работата на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2022 година.**

Предлагач/ Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

- **Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

- **Програма за заштита и благосостојба животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

- **Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Демир Капија за 2023 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

- **Програма за еднаквите можности на жените и мажите на Општина Демир Капија за 2023 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите

- **Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2023 година;**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи
Разгледува: Комисија за јавни дејности

- **Програма за организирање на културната манифестација Свети Трифун 2023 година;**

Предлагач/организатор: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

- **Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2022 година;**
- **Годишен извештај за спроведување на Програмата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2022 година;**

Предлагач/ Изготвувач: Центарот за развој на Вардарски плански регион
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**<u>ПЕРИОД: АПРИЛ-ЈУНИ</u>**

- **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за работата на јавните служби за првото-тромесечие во 2023 година**
Предлагач/ Изготвувач: јавното претпријатие / установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ПЕРИОД: ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2023 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на Општина Демир Капија за 2024 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Одделение за човечки ресурси
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на јавно претпријатие /установа за 2024 година**
Предлагач/ Изготвувач: јавно претпријатие/установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Извештај за работата на јавните служби за второто-тромесечие во 2023 година**
Предлагач/ Изготвувач: јавно претпријатие/установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна Програма за работа на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија за учебната 2023/2024 год.**
Предлагач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен Одбор на училиштето
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна Програма за работа со финансиски план за финансирање на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2023/2024 година**
Предлагач /Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен Одбор на установата
Разгледува: Комисија за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

• **Одлука за зголемување на деца во воспитни групи на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2023/2024 година.**
Предлагач /Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ПЕРИОД: ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2023 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Одлука за доделување на 7-мо Ноемвриски награди и признанија за 2023 година**
Предлагач: Комисија за награди и признанија
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи

• **Буџет на Општина Демир Капија за 2024 година**
• **Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2023 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

• **Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Демир Капија за 2024 година;**
• **Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Демир Капија за 2024 година;**
• **Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Демир Капија за 2024 Година;**
• **Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2024 година;**
• **Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија за 2024 година;**
• **Програма за зимско одржување на улици и патишта во 2023/2024 година;**
• **Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Демир Капија за 2024 година;**
• **Програма за управување со отпад на територијата на Општина Демир Капија за 2024 година;**
• **Програма за јавно зеленило за 2024 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

• **Програма за локален економски развој на Општина Демир Капија за 2024 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој-Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Програма за развој на туризмот во Општина Демир Капија за 2024 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Програма за енергетска ефикасност на Општина Демир Капија за 2024 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишна Програма за работа на ЈПК БОШАВА Демир Капија за 2024 година**
Изготвувач: ЈКП БОШАВА Демир Капија
Одобрува: Управен Одбор на претпријатието, Комисија за јавни дејности
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна Програма за работа на ОУ.Дом на култура МИРКА ГИНОВА Д.Капија за 2024 година**
Предлагач: ОУ на Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Демир Капија ја регулира нормативната дејност на Советот во 2023 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на 2023 година.

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.

Во текот на 2023 година Советот на Општина Демир Капија ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Демир Капија и јавните служби основани од општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија”.

Број 08 – 80/8
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/7
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште (″Службен весник на Република Македонија″ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Советот на Општина Демир Капија на XVII седница одржана на ден 27.01.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2023 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.13/22), во точка 2, графичкиот дел се дополнува со нов графички прилог со одбележана градежна парцела што ќе биде предмет на менаџирање и детален преглед на градежна парцела утврдена со Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија.

2. Табеларниот преглед со графички прилог е составен дел на оваа програма.

3. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

**Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 1.1** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 108141.78 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | Е1<br>Производство, дистрибуција и сервиси | | | |
| Намена на земјиште опис | Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани<br>Е1.8 - трафостаница | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци | | | |
| Површина на градба | 102157.32 | | | |
| Бруто развиена површина | 102157.32 | | | |
| Процент на изграденост | 94.47 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 0.94 | | | |
| максимална дозволена висина | 5 м | | | |
| Катност | П | | | |

Број 08 – 80/9<br>27.01.2023 година<br>Демир Капија

Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Буџетски календар за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/8<br>30.01.2023 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на општина Демир Капија на XVII-та седница одржана на ден 27.01.2023 година донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за планирање на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година**

**Член 1**

Се донесува Буџетски календар на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година во кој се регулираат роковите на планирањето на општинскиот буџет и тоа како следи:

| Р.бр | Опис на активноста - процедура | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | *Советот на општината го усвојува буџетскиот календар* | Јануари, февруари |
| 2. | *Градоначалникот подготвува препорака за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет* | Април, мај |
| 3. | *Градоначалникот ги поднесува препораките за подготовка на финансиските планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет* | Април, мај |
| 4. | *Корисниците на општинскиот буџет ги поднесуваат нивните трошковници и финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции* | Најдоцна до 31 мај |
| 5. | *Секторите доставуваат предлог на план за програми за развој со комплетна проектна и техничка документација* | Најдоцна до 31 мај |
| 6. | *Секторот за финансиски прашања во општината ги анализира барањата од корисниците на буџетот и го известува градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања)* | До 15 јули |
| 7. | *Секторот за финансиски прашања го изготвува Нацрт Буџетот и го доставува до Градоначалникот* | До 31 јули |
| 8. | *Министерот за финансии доставува Буџетски циркулар-насоки за подготвување на буџетите на ЕЛС за наредната година* | најдоцна до 30 септември |
| 9. | *Градоначалникот го доставува Нацрт Буџетот до Советот на општината, го претставува буџетот на јавноста-граѓаните, медиумите, организира јавна расправа* | Октомври |
| 10. | *Се подготвува Предлог-План на програми за развој и се доставува до Советот на одобрување* | најдоцна до 15 ноември |
| 11. | *Советот го одобрува Предлог-Планот на програми за развој и истиот станува составен дел на Предлог-Буџетот* | Најдоцна до 30 октомври |
| 12. | *Градоначалникот го поднесува Предлог-Буџетот до Советот* | Најдоцна до 10 ноември |
| 13. | *Советот на општината го усвојува Предлог-Буџетот за наредната година* | најдоцна до 31 декември |

**Член 2**

Буџетскиот календар за 2024 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 80/10
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/9
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на општина Демир Капија на XVII-та седница одржана на ден 27.01.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2022 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за четвртиот квартален период 2022 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 80/11
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/10
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/2002) и член 11 став 1 алинеја 8 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), Советот на Општина Демир Капија на 17-та седница одржана на ден 27.01.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2022 година**

**1.** Се усвојува Извештајот за реализација на активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2022 година, бр.04-64/1 од 16.01.2023 година.

**2.**Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 80/12
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74

од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 27.01.2023 година.

Број 09 –121/11
30.01.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето на Црковниот Одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево бр.08-98/1 од 24.01.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XVII-та седница одржана на ден 27.01.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **6.000,00 (шест илјади) денари** на Црковниот Одбор на Црква "Св.Атанасие" во село Прждево, по повод организирањето на верскиот празник "Св.Атанасие" во село Прждево.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година потставка 464 990.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 80/13
27.01.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---